МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број:11 – 256/2
Датум: 17.01.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 03.01.2022 година изврши увид на лице место на ул.“Стокхолмска “, по барање на Инвеститорот ЕВН – Македонија АД Скопје – Корисничко Енерго Центар Ѓорче Петров кој треба да изврши изведба на електромонтерски и земјеноградежни работи на улицата, поради дислокација на постоечки броила, потребно е полагање на НН кабел NAY2Y-J 4x50mm$^2$ по бекатон коцки во должина од 43m, монтажа на бетонски столб и MP0-9 на фундамент.

Од увидот на лице место констатирано е дека е потребно да се изврши полагање на НН кабел, монтажа на бетонски столб и MP0-9 на фундамент.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подлога од павер елементи да уплати износ од 4.320,00 денари со вклучено ДДВ, за попречен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 21.000,00 денари со вклучено ДДВ, вкупно да уплати износ од 25.320,00 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за полагање на НН кабел како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на кабелот да се врати во првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од колско пешачка патека од бекатон да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок, останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви, да се постави ситен песок и да се пререди бекатонот по целата широчина на патеката, асфалтната подлога да се транспортира до депонија, околу исталациите да се постави ситен песок, останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно да се асфалтира со АБ 11.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

---

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна подобрена состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Данче Поповска

Соња Крајничанец

Тома Мандилоски

---

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*